# Нашата методологија

Интегративната медијација е мировен пристап при решавање на меѓу-етнички конфликти. Таа интегрира повеќе техники, базирани на класичната медијација, за да им помогне на локалните лидери во решавање на проблемите од долу нагоре. Интегративната медијација комбинира пет главни елементи:

- Медијација
- Консултација
- Професионална обука
- Истражување и анализа
- Застапување

Базирајќи се на индивидуални консултации, креирани се низа медијации, заеднички состаноци, и професионални обуки со цел да се зближат локалните лидери.

Медиацијата е фокусирана на решавање итни проблеми, додека професионалните обуки се осврнуваат на средно и долгорочни решенија. На обуките, учесниците се охрабруваат да креираат акциони планови и иницијативи за градење на доверба, кои ги имплементираат во нивните општини.

Идентификуваните проблеми кои потекнуваат од разни недостатоци во системот, кои се на ниво повисоко од општинското, се истражуваат подетално, додека препораките се поднесуваат до соодветните институции.

Преку комбинација на овие разни елементи, интегративниот момент се создава за да поддржи ефективно и трајно решение на конфликтот.

**Договорите не носат мир;**
**луѓето носат.**

# Контакт

**За дополнителни информации околу нашите проекти, и нивната имплементација ве молиме контактирајте не:**

**CSSProject за Интегративна Медијација**
**Парламент на Германија**
**Канцеларија Dr. Schwarz-Schilling**
**Platz der Republik 1**
**11011 Берлин**
**Германија**

**Тел.  +49 (30) 227-77417**
**Факс. +49 (30) 227-76417**

**info@cssproject.org**
**www.cssproject.org**

---

## Поддржете го CSSP

**За Информации како можете да го поддржете CSSP ве молиме контактирајте:**

**CSSP e.V.**
**Dr. Juan Diaz**
**Auguststrasse 72**
**10117 Берлин**
**Германија**

**Deutsche Bank Berlin**
**Bank Account: 66 999 46 02**
**Bank Code: 100 700 24**
**IBAN: DE89100700240  669994600**
**SWIFT CODE: DEUTDEDBBER**

**Регистрирано од:**
**Vereinsregister Amtsgericht Charlottenburg von Berlin VR 25 742 B**

cssp

**Асоцијација за**
**Интегративна Медијација**

**Ги зближуваме локалните лидери**

# Кои сме ние

CSSP е основана под иницијатива на Меѓународниот Медиатор во Босна и Херцеговина, Dr. Christian Schwarz-Schilling (1995 – 2004). Беше конституирана како проект за пренесување на научените лекции низ Југо-Источна Европа. Во летото 2006 година, CSSP e.V. е регистрирана како непрофитна асоцијација во Берлин, Германија

Од 2005, CSSP има развиено алатки за медиација и обуки, со кои им помага на локалните лидери во градење на доверба и соработка. Екипата се пренасочи од чисти *ad hoc* медиации, кон повеќе системски пристап

Нашите проекти се стремат кон подобрување на меѓу-етничката соработка и дијалог и градење на механизми за градење на доверба кај локалните лидери. Сите проекти се имплементирани од посветени и квалификувани експерти кои работат тимски, со што овозможуваат максимален резултат со минимален инпут. Нашата флексибилност ни дозволува да останеме динамичен подвижен теренски тим со централна канцеларија во Берлин.

# Што работиме

CSSP ги зајакнува локалните индивидуалци преку процес на медијација. Им обезбедуваме професионални обуки за медијација, преговарање, техники и вештини за решавање на проблеми на локалните лидери, како и понуда на експертски консултации при решавање на нивните конфликти.

Истовремено CSSP развива професионална медијација во селектирани области каде го зголемува капацитетот и изнаоѓа алтернативни решенија за конфликтите. CSSP работи за градење на мир од долу-нагоре и зајакнување на капацитетот на заедницата, за да ги надмине конфликтните предизвици, фокусирајќи се надемократскиот (политички, економски, и социјален) развој.

CSSP не се обидува да ја замени или отстрани сопственоста врз мировниот процес. Напротив, ја надополнува веќе постоечката работа на терен. Нашата цел е одлуките и решенијата да се оставаат на рацете на локалните актери.







# Нашите проекти

CSSP е примарно фокусиран на Западен Балкан. Сепак, неколку години истотака имаме развиено и имплементирано проекти во други области, и извршено обуки во Бон, Брисел, Ханои, и Варшава.

**Босна и Херцеговина**
Во Јули 2007, CSSP повторно започна со своите активности со истраќувачки проект за нивото на ко-екзистенција и оценување на политичката состојба во можни таргет општини. Проектот ќе започне во 2008 година.

**Косово**
Косово е носечкиот реон на напорите на CSSP's за Интегративна Медијација.Работиме во неколку општини за подобрување на меѓуетничката соработка и фасцилитација при развојот на стабилна политичка клима.

**Македонија**
CSSP ги обучува локалните лидери во општина Струга, со посебен акцент на подобрувањето на меѓуетничките односи и подобрување на координацијата во советот на општината. CSSP работи со локални партнери и развива повеќе проекти за 2008 година.

**ФМЈИЕ**
Форум на Медијација на Југо-Источна Европа (ФМЈИЕ) е мрежа на медијатори од регионот која е основана од страна на CSSP во Сараево, 2005 година. Покрај организирање на конференции и охрабрување на комуникација, ќе основаме и интерактивна платформа за медијација за Југо-Источна Европа. **www.seemf.cssproject.org**

**Србија**
CSSP е консултант на UNDP за развојот на медијацијата во рамки на предложениот закон за анти-дискриминација. Истотака работиме во развојот на медијацијата како алатка за решавање на конфлити во Јужна Србија.

**Шри Ланка**
CSSP беше активна во Шри Ланка во 2005 година преку професионална размена на обуки за медијација. Поради растот на војувањата од 2006 година, предвидените проекти се ставени на мирување. Екипата продолжува да ја надгледува состојбата за да оцениме кога е погодно време за продолжување на нашите проекти.